ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ТЕХНИЧКО УПАТСТВО

## За генерирање и доставување на реализирани потврди за ортопедски помагала со опис на слогот на податоци од потврдата на електронски медиум

Март 2012

## Содржина

ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО НАЧИНОТ НА ФАКТУРИРАЊЕ НА ОРТОПЕДСКИТЕ КУЌИ ........ 3
ОПИС НА СЛОГОТ ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОТВРДАТА ЗА ПОТРЕБА ЗА ОРТОПЕДСКО ПОМАГАЛО НА ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМ ........ 4
Вовед ........ 4
Формат и содржина на датотеките ........ 5
Дефиниција на слогот на Датотеката на спецификации на издадени ортопедски помагала : ........ 12

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО НАЧИНОТ НА ФАКТУРИРАЊЕ НА ОРТОПЕДСКИТЕ КУЌИ

Според новите договори од 01.04.2012 година, ортопедските куќи со кои Фондот има склучено договор за соработка, фактурите за издадените ортопедски помагала, продолжуваат да ги доставуваат во електронска и хартиена форма. Измените и дополнувањата согласно Договорот (прилог 2) се однесува на задолжително евидентирање во електронскиот фајл (*.12S) на специјализираната продавница во која е издадено ортопедското помагало. Доставата на електронските фактури според измените во техничкото упатство ќе започне во месец мај со фактура за испорачани помагала за месец април.

# ОПИС НА СЛОГОТ ЗА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОТВРДАТА ЗА ПОТРЕБА ЗА ОРТОПЕДСКО ПОМАГАЛО НА ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМ

## Вовед

Секоја ортопедска куќа која има склучено договор со Фондот за обезбедување на осигурените лица со ортопедски помагала кои се на списокот од ортопедски помагала, согласно новиот Правилник, а се издаваат на потврда за потреба од ортопедски помагала до подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување доставува фактури за издадените помагала. Во прилог на фактурите се доставуваат оргиналните потврди за потребата од ортопедско помагало, потврдата за функционалност, за одредени помагала како и мемориски медиум ( USB меморија или CD сл.) со податоци од потврдата за потребата за ортопедско помагало обработени во ортопедската куќа. До надлежната подрачна служба на ФЗО секоја ортопедска куќа доставува две табели во електронска форма и тоа:

- **Датотека за сите обработени потврди** поединечно за месецот за кој се фактурира-спецификација ;
- **Датотека на спецификации на обработените потврди** што се однесуваат за месецот за кој се фактурира-фактура .

Табелите односно датотеките со податоци за **обработените потврди** се снимаат на магнетниот медиум, проширени со атрибутите потребни за фактурирање.

**Датотеката на обработените потврди** се доставуваат во една табела до надлежната подрачна служба, за да се направи контрола на направените заверки во подрачната служба.

Датотеките се состојат од слогови **со фиксна должина** со еден или повеќе рекорди во зависност од бројот на потврди што се обработуваат.

## Формат и содржина на датотеките

**Датумите** во слоговите секогаш се со 10 места и со формат **yyyy.mm.dd** каде што **yyyy** е година, **mm** е месец и **dd** е ден за кој се однесува рекордот.
За да се постигне фиксна должина на слогот за секое од наведените полиња се применуваат неколку правила:

- на **нумеричките податоци** однапред им се додаваат водечки нули, а на **алфанумеричките** на крајот им се додаваат празни места, до дефинираната должина;
- износите во фајлот за обработени спецификации се искажани во денари со дени (задолжително заокружени на 00 или 50 дени), одделени со децимална запирка;
- во дефинираната должина на нумеричките податоци се содржи децималната запирка и децималните места. Пр.: за **N**(11,2) → **00000105,50.**

## Имињата на датотеките

Имињата на датотеките се во облик : **MMPPPPNNNNNN.YYZ,** каде:

- **MM** - месец за кој се однесува фактурата односно спецификацијата;
- **NNNNNN** - шифра на ортопедската куќа;
- **PPPP**-шифра на подрачната служба на Фондот, според табелата на стр 11 од техничкото упатство
- **YY** - година за која се однесува фактурата;
- **Z** – добива вредност **S** доколку со датотеката се доставува потврди за заверени помагала односно **F** доколку се доставува -фактура.

Описот на слогот на датотеките е даден во табела преку долунаведените податоци.

**Р.бр** - реден број на атрибутот во слогот ;

**Опис на податоците** - скратен опис на атрибутот во слогот;

**Тип на атрибутот** - информација за типот на атрибутот (нумерик N(n), алфанумерик Alfa(n), датум yyyy.mm.dd итн.);

**Задолжителен податок** - “Да” ако податокот е задолжителен и “Не” или празно ако податокот не е задолжителен;

**Тест податоци** - поради појаснување на полињата, внесени се како пример одредени податоци.

Секоја ортопедска куќа има 5 или 6-цифрена шифра која ја дефинира Фондот за здравствено осигурување (Шифрарник на ортопедски куќи со специјализираните продавници на WEB страната на Фондот )

Напомена: Доколку е 5-цифрена шифра, истата се запишува со водечка нула.

Специјализираните продавници се работните единици на правниот субјект односно последните две цифри од фондовските шифри

Во табелата покрај податоците што се внесуваат од Потврдата за потреба од ортопедско помагало, дефинирани се и финансираските елементи потребни за фактурирање, и задоволување на законските одредби.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

## Дефиниција на слогот на Датотеката за сите обработени потврди -спецификација:

| Ред бр. | Опис | Тип на атрибут | Задолжителен податок | Тест податоци |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Идентификатор на слогот | Alfa(3) | Да | Знак “**РОТ”** |
| 2. | Шифра на ортопедската куќа (како правно лице) | N(6) | Да | |
| 3. | Број на фактурата на ортопедската куќа | N(2) | Да | |
| 4. | Специјализирана продавница (последните две цифри од шифрата на ортопедската куќа) | N(2) | Да | |
| 5. | Година на фактурата | N(4) | Да | |
| 6. | Месец за кој се однесува фактурата | N(2) | Да | |
| 7. | Подрачна служба на Фондот (првите 4 цифри од регистерскиот број на работодавецот) | N(4) | Да | според табела на подрачни служби |
| 8. | Последни 6 цифри (остаток) од регистерскиот број на работодавецот | N(6) | Да | |
| 9. | Број на спецификација | N(5) | Да | |
| 10. | Реден број на потврдата во спецификацијата | N(5) | Да | |
| 11. | Број на потврда за потреба од помагало | N(8) | Да | |
| 12. | Година на заверка | N(4) | Да | |
| 13. | Единствен Матичен Број на Осигуреникот | N(13) | Да | 0512954843003 |
| 14. | Име и презиме на Осигуреникот | Alfa(27) | Да | |
| 15. | Број на здравствена легитимација | N(3) + “-” + N(7) + “-” + N(2) | Да | 029-0000019-00<br>123-1234567-01 |
| 16. | Датум на препишување на помагалото | yyyy.mm.dd | Да | 2009.01.01 |
| 17. | Вид на помагало | N(1) | Да | |
| 18. | Шифра на ортопедското помагало според шифрарникот на помагала | N(7) | Да | |
| 19. | Датум на заверка на помагалото | yyyy.mm.dd | Да | |
| 20. | Датум на нарачка на помагалото | yyyy.mm.dd | Да | |
| 21. | Датум на подигање на помагалото | yyyy.mm.dd | Да | |
| 22. | Датум на проверка на функционалноста на помагалото | yyyy.mm.dd | Не | |
| 23. | Единечна цена по помагало-рефернтна цена | N(11,2) | Да | |
| 24. | Код за вид на партиципација | N(1) | Да | “1”-процент<br>“2”-фиксна<br>“3”-ослоб.партиц. |
| 25. | Процентуална (Фиксна ) | N(6,2) | Да | |
| 26. | Износ на пресметана партиципација | N(10,2) | Да | |
| 27. | Пропишан процент на ДДВ | N(5,2) | Да | Процент на ДДВ |
| 28. | Износ на ДДВ | N(10,2) | Да | |
| 29. | Вкупен износ на помагалото што треба да го плати Фондот | N(11,2) | Да | |
| 30. | Сериски број на помагалото | N(10) | Не | |

**Напомена**:
**Фактурата се доставува до подрачната служба на Фондот според местото каде што осигуреникот го остварува правото на здравствено осигурување.**

**Поле 2-** Шифрата на ортопедската куќа, како правен субјект кој доставува фактура.
**Поле 3**- Последните две цифри од шифрата на специјализираната продавница каде е подигнато помагалото.
**Поле 4**- Број на фактура е последователен број (инкремент). Ортопедската куќа фактурира до соодветната подрачна служба секој месец. Тој број не смее да се повторува во текот на годината во рамките на една подрачна служба.
**Поле 5-** Се внесува годината за која се однесува фактурата.
**Поле 6**- Се внесува месецот за кој се однесува фактурата.
**Поле 7**- Регистерски број на работодавецот е 10-цифрен идентификатор и е во форма **XXXXNNNNNN,** каде што **XXXX** ја означува подрачна служба каде што припаѓа работодавецот, а **NNNNNN** го означува работодавецот преку кој се остварува правото на осигурување.
**Поле 8**- Се внесуваат последните 6 цифри NNNNNN од регистарскиот број на работодавачот
**Поле 9**- За побрза и поефикасна контрола потврдите во подрачната служба се предаваат групирани максимално до 500 потврди, со соодветна спецификација означена со идентификатор (број на спецификација).
**Поле 10**- Се означува редниот број на позицијата на која се наоѓа потврдата за потреба од помагало во соодветната спецификација и на секоја потврда за потреба од ортопедско помагало треба да се запише бројот на спецификацијата во која се наоѓа истиот и редниот број на потврдата во спецификацијата (Пр. Од спецификација број 1(I), потврдата број 1 се означува со I/1, потврдата број 2 се означува со I/2 и т.н.).
**Поле 11**- Се внесува бројот на потврдата за помагало евидентиран на лепенката
**Поле 12**- Се внесува година на заверка на помагалото евидентирана на лепенката
**Поле 13**- Се внесува ЕМБ на граѓанинот (според податокот од потврдата за потреба за ортопедско помагало ).
**Поле 14-** Се внесува Името и Презимето на лицето корисник на помагалото, според потврдата за потреба од помагало и здравствената легитимација. **Напомена** внесениот податок за корисник на помагало задолжително мора да биде со кирилична подршка.
**Поле 15**- Се внесува бројот на здравствената легитимација, запишан во формат XXX-XXXXXXX-XX (Пр. 029-0000019-00).
**Поле 16**- Се внесува датумот кога лекарот од соодветна специјалност, или избраниот лекар го препишал помагалото.
**Поле 17**- Се внесува видот на помагалото објавен на WEB страната на фонтот
**Поле 18-** Се внесува шифрата на помагалото евидентирана на доставената заверена потврда, во делот за заверка кој го евидентира подрачната служба на Фондот .
**Поле 19-** Се внесува датумот кога референтот во Подрачната служба на фондот ја заверил потврдата за потреба од ортопедско помагало.
**Поле 20**- Се внесува датумот на нарачка на помагалото во ортопедската куќа .
**Поле 21**- Се внесува датумот на подигање на помагалото во ортопедската куќа .
**Поле 22**- Се внесува датумот на проверка на функционалност на помагалото полето е задолжително за внес кај помагалата кај кои на левиот дел од лепенката на потврдата за потреба од помагало стои ознака **Ф**.

**Поле 23**-Се внесува Единечна референтна цена по помагало
**Поле 24-** Се внесува видот на партиципација може да биде процентуална тогаш во полето стои 1, фиксна тогаш стои 2, или лицето е ослободено од плаќање партиципација тогаш стои 3.
**Поле 25-** Во зависност од внесената вредност во полето 24 се внесува износот на процентуалната партиципација (10 % или 50%), или во случај да иамаме фиксна партиципација нејзината вредност.
**Поле 26-** Се внесува износот на пресметана партиципација
**Поле 27-** Се внесува пропишаниот процент на ДДВ
**Поле 28-** Се внесува износот за ДДВ.
**Поле 29-** Се внесува вкупниот износ за помагалото кое Фондот треба да го плати
**Поле 30-** Се внесува серискиот број на издаденото помагало.Полето е задолжително за внес на помагала од член 27 и 28 инвалидски колички.
Идентификација на подрачната служба во која се доставува фактурата односно реализираните рецепти, се врши според првите 4 цифри на регистерскиот број на работодавецот или според првите 3 цифри од бројот на здравствената легитимација, согласно следната табела на подрачни служби:

| **првите 4 цифри** од Регистерски број | **првите 3 цифри** од бројот на здравствената легитимација | Назив на подрачната служба | Подрачна служба до која се доставува фактурата |
|---|---|---|---|
| 4801 | 029 | БЕРОВО | 4801 |
| 4802 | 037 | БИТОЛА | 4802 |
| 4803 | 045 | БРОД | 4803 |
| 4804 | 053 | ВАЛАНДОВО | 4804 |
| 4805 | 061 | ВИНИЦА | 4805 |
| 4806 | 070 | ГЕВГЕЛИЈА | 4806 |
| 4807 | 088 | ГОСТИВАР | 4807 |
| 4808 | 096 | ДЕБАР | 4808 |
| 4809 | 100 | ДЕЛЧЕВО | 4809 |
| 4810 | 118 | ДЕМИР ХИСАР | 4810 |
| 4811 | 126 | КАВАДАРЦИ | 4811 |
| 4812 | 134 | КИЧЕВО | 4812 |
| 4813 | 142 | КОЧАНИ | 4813 |
| 4814 | 169 | КРАТОВО | 4814 |
| 4815 | 177 | КРИВА ПАЛАНКА | 4815 |
| 4816 | 185 | КРУШЕВО | 4816 |
| 4817 | 193 | КУМАНОВО | 4817 |
| 4818 | 207 | НЕГОТИНО | 4818 |
| 4819 | 215 | ОХРИД | 4819 |
| 4820 | 223 | ПРИЛЕП | 4820 |
| 4821 | 231 | ПРОБИШТИП | 4821 |
| 4822 | 240 | РАДОВИШ | 4822 |
| 4823 | 258 | РЕСЕН | 4823 |
| 4824 | 266 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 4824 |
| 4828 | 347 | СТРУГА | 4828 |
| 4829 | 355 | СТРУМИЦА | 4829 |
| 4830 | 363 | ТЕТОВО | 4830 |
| 4831 | 371 | ВЕЛЕС | 4831 |
| 4832 | 380 | ШТИП | 4832 |
| 4833 | 274 | СКОПЈЕ-ГАЗИ БАБА | **4836** |
| 4834 | 282 | СКОПЈЕ-КАРПОШ | **4836** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4835 | 304 | СКОПЈЕ-КИСЕЛА ВОДА | **4836** |
| 4836 | 312 | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР | **4836** |
| 4837 | 339 | СКОПЈЕ-ЧАИР | **4836** |

**НАПОМЕНА:** Имајќи во превид дека за сите осигуреници од скопските општини надлежна е подрачната служба на Фондот во Скопје, фактурирањето за рецепти од сите осигуреници со регистерски броеви 4833, 4834, 4835, 4836 или 4837 се врши во подрачна служба Скопје.

## Измена на регистерски броеви за невработени лица

| ПС | ПРВИ 4 ЦИФРИ | ЗАМЕНА |
|---|---|---|
| БЕРОВО | 5010 | 4801 |
| БИТОЛА | 5020 | 4802 |
| М.БРОД | 5030 | 4803 |
| ВАЛАНДОВО | 5040 | 4804 |
| ВИНИЦА | 5050 | 4805 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 5060 | 4806 |
| ГОСТИВАР | 5070 | 4807 |
| ДЕБАР | 5080 | 4808 |
| ДЕЛЧЕВО | 5090 | 4809 |
| Д. ХИСАР | 5100 | 4810 |
| КАВАДАРЦИ | 5110 | 4811 |
| КИЧЕВО | 5120 | 4812 |
| КОЧАНИ | 5130 | 4813 |
| КРАТОВО | 5140 | 4814 |
| К.ПАЛАНКА | 5150 | 4815 |
| КРУШЕВО | 5160 | 4816 |
| КУМАНОВО | 5170 | 4817 |
| НЕГОТИНО | 5180 | 4818 |
| ОХРИД | 5190 | 4819 |
| ПРИЛЕП | 5200 | 4820 |
| ПРОБИШТИП | 5210 | 4821 |
| РАДОВИШ | 5220 | 4822 |
| РЕСЕН | 5230 | 4823 |
| С.НИКОЛЕ | 5240 | 4824 |
| СКОПЈЕ | 5250 | 4836 |
| СТРУГА | 5260 | 4828 |

| | | |
|---|---|---|
| СТРУМИЦА | 5270 | 4829 |
| ТЕТОВО | 5280 | 4830 |
| ВЕЛЕС | 5290 | 4831 |
| ШТИП | 5300 | 4832 |

Од 01.06.2009 година ФЗОМ направи измена на регистерските броеви за привремено невработените и лицата кои не се осигурани по ниеден основ. Според техничкото упатство идентификација на подрачната служба се врши според првите 4 цифри на регистерскиот број. Потребно е да се направи прилагодување во електронските фајлови кои се доставуваат до ФЗОМ, на регистарските броеви за невработените кои почнуваат на **5...** соодветно да се заменат со оние во следната табела:

На пример ако регистрерскиот број во книшката на осигуреникот е 5020000001 тогаш полето 6 од дефиниција на слогот на датотеката за сите обработени потврди од техничкото упатство треба да се пополни согласно со погоре дадената табела. **(Во примерот 4802 )**

## Дефиниција на слогот на Датотеката на спецификации на издадени ортопедски помагала :

| Ред бр. | Опис | Тип на атрибут | Задолжителн податок | Тест податоци |
|---|---|---|---|---|
| 01 | Идентификатор на слогот | Alfa(3) | Да | Знак **“SPE”** |
| 02 | Шифра на ортопедската куќа (како правен субјект) | N(6) | Да | |
| 03 | Подрачна служба на Фондот | N(4) | Да | |
| 04 | Број на фактурата | N(2) | Да | |
| 05 | Година за која се однесува фактурата | N(4) | Да | |
| 06 | Месец за кој се однесува фактурата | N(2) | Да | |
| 07 | Број на спецификација | N(5) | Да | |
| 08 | Вкупна Референтна цена | N(14,2) | Да | |
| 09 | Вкупен Износ на ДДВ 5% прикаже | N(13,2) | Да | |
| 10 | Вкупен Износ на ДДВ 18% прикаже | N(13,2) | Да | |
| 11 | Вкупен износ на партиципација | N(13,2) | Да | |
| 12 | Вкупно за наплата од фонд | N(15,2) | Да | |

Износите во табелата претставуваат прост збир на износите од табелата на сите обработени потврди сортирани по број на спецификација. Крајниот износ на фактурата треба да биде заокружен на 0.50 денари.

Упатство ќе биде дистрибуирано до ортопедските куќи преку web страната на Фондот за здравствено осигурување www.fzo.org.mk . Покрај упатството на WEB страната ќе бидат објавени и редовно ажурирани и следните шифрарници:

- Шифрарник на ортопедски куќи
- Шифрарник на видови ортопедски помагала
- Шифрарник на помагала .

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org